Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 184/0306
14.04 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 8 април 2020 година, врз основа на примена жалба од Дарко Темелков, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Репортер“ со текстот насловен „Вирусот убиец излегол од тајната лабораторија за биолошко оружје во Вухан“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 8.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 март 2020 година, Дарко Темелков, поднесе жалба за текстот со наслов „Вирусот убиец излегол од тајната лабораторија за биолошко оружје во Вухан“, објавен на 27 март 2020 година, на интернет – порталот „Репортер“ (www.reporter.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, говор на омраза, дискриминација и неточно и нефер известување.

Подносителот на претставката, меѓу другото, посочува дека научно непотврдени факти можат да создаваат паника, страв и омраза кон одредена група на луѓе, посебно за време на пандемија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Репортер“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 8.

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 8 април 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за агенциска вест која пренесува информација за наводното потекло на коронавирусот, односно дека тој потекнува од лабораторија за биолошко оружје во Кина. Се работи за информација преземена од два странски медиуми, кои се уредно цитирани и со поставени линкови до оригиналните содржини. Сепак, Комисијата заклучи дека во време на пандемија и во исклучително чувствителен момент за јавноста интернет – порталот „Репортер“ требало, барем делумно, да се огради или да изрази резерва

кон таквата вест, наместо да ја нуди како извесен епилог. Новинарите мораат да внимаваат и на начините на кои ги објавуваат и преземените агенциски вести, особено кога се засноваат на официјално непотврдени информации и кои можат да создадат паника и неосновани стравови. Ова уште повеќе што во самиот наслов нема наведено никаков извор на информацијата, со што се добива впечаток дека се работи за очигледен факт:

***„Вирусот убиец излегол од тајната лабораторија за биолошко оружје во Вухан“***

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на интернет – порталот „Репортер“ е прекршен **членот 8** од Кодексот на новинарите, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Ваквата отстапка, освен во насловот, е нагласена и во следната реченица од текстот:

***„Лабораторијата е изградена за да ги испита опасните патогени микроорганизми, како што е сега решрениот коронавирус, за истражување и пронаоѓање на лек за нив – дел од долгорочното планирање по епидемијата на САРС 2002-03 година во Кина, кога починаа над 700 луѓе.“***

Комисијата, на крајот, констатираше дека и неколку други интернет – портали ја објавиле оспорената информација,  но дека во моментот не се предмет на жалбена постапка пред Советот за етика.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

На седницата на 8 април 2020 година, членот на Комисијата Мери Јордановска беше изземена од расправата, во согласност со член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси, а сè со цел, да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „Репортер“ (www.reporter.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Заменик - претседател на
Комисијата за жалби

Сефер Тахири

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595